# Проектни резултати

## 01 ПОДОБРЕНА МУЛТИСЕКТОРСКА КООРДИНАЦИЈА

преку зајакнување на работата на координативните тела задолжени за спроведување, мониторинг и евалуација на Истанбулската Конвенција.

## 02 СООДВЕТНИ ОДГОВОРИ НА СЛУЧАИ

преку подобрување на вештините на полициските службеници за да можат ефективно и соодветно да одговорат на случаи.

## 03 НАМАЛЕНА СЕКУНДАРНА ВИКТИМИЗАЦИЈА

преку подигнување на свеста за стереотипите, предрасудите, причините, значите и ефектите на родово базираното насилство кај давателите на услуги.

## 04 ЗГОЛЕМЕНО ПРИЈАВУВАЊЕ СЛУЧАИ

преку зголемување на разбирањето на јавноста и ранливите групи на сите форми на родово базирано насилство и достапните наменски услуги.

## Партнери

Проектот се спроведува во координација со Советот на Европа, агенциите на ОН, ОДИХР, Програмата на ОБСЕ за родови прашања, како и теренските операции на ОБСЕ. Проектот придонесува кон целите за одржлив развој на ОН 5 и 16.

5 GENDER EQUALITY

16 PEACE AND JUSTICE STRONG INSTITUTIONS

За повеќе информации за проектот, посетете www.osce.org/JusticeInCombatingGBVinSEE
или следете ги нашите активности на социјалните медиуми преку
#JusticeNoGBVinSEE

**Следете го ОБСЕ**


Секретаријат на ОБСЕ
Wallnerstrasse 6
1010 Виена, Австрија

Е-адреси: Alina.Munteanu@osce.org
BjornTore.Saltvik@osce.org
www.osce.org/JusticeInCombatingGBVinSEE



OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe


**ПРАВДА ВО БОРБАТА ПРОТИВ РОДОВО БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО**
во Југоисточна Европа

# Зајакнување на капацитетите на кривично-правниот систем за **борба против родово базираното насилство во Југоисточна Европа**



#JusticeNoGBVinSEE


OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe

# **Сеопфатен пристап** што води кон сеопфатен одговор на родово базираното насилство

Проектот „ПРАВДА во борбата против родово базираното насилство во Југоисточна Европа“ има за цел да ја зголеми ефективноста на практичарите во кривично-правниот систем (особено полициските службеници кои реагираат први, истражителите и обвинителите) во одговорот на случаите на родово базирано насилство (РБН) и одржување на координиран пристап насочен кон преживеаните кога се работи со такви случаи. Понатаму, проектот има за цел да ја зголеми свеста за родовите стереотипи и предрасуди, причините, значите, сигналите и ефектите на РБН кај практичарите во кривично-правниот систем како и кај јавноста, со што ќе се придонесе за организациска и културна промена.

Со вклучување на сите актери (полициски службеници и практичари од правосудството, социјалните служби и граѓанските организации) и во координација со здравствените и образовните институции, проектот обезбедува сеопфатен пристап кој води кон сеопфатен одговор на РБН.




Проектот има за цел да ги зајакне капацитетите на практичарите во кривично-правниот систем да го спречат и да одговорат на родовото насилство, што на крајот ќе доведе до зголемена доверба на јавноста во нивните одговори.

## Заднина

Родово базираното насилство е едно од најтешките и најраспространетите повреди на човековите права кое не само што влијае на безбедноста и сигурноста на жртвите, туку и го спречува нивниот целосен индивидуален и општествен развој. Сите форми на РБН им носат долгорочно страдање на преживеаните и нивните семејства, вклучително и физичка и психолошка траума.

РБН е предизвик во Југоисточна Европа. Голем процент од жените во регионот мислат дека насилството е „вообичаено/прилично вообичаено“; дека жените не ги пријавуваат повеќето инциденти во полиција и дека ретко бараат поддршка од други институции; и дека тие ретко пристапуваат до услугите поради недостиг на доверба во правосудните институции.

Кризата со КОВИД-19 ги влоши нивоата на РБН. Факторите како принудниот карантин со насилниците, потенцијалното губење работа, високото ниво на стрес и консумацијата на алкохол влијаеа на динамиката на насилството во текот на кризата и ќе продолжат да влијаат и по неа, што ги зголемува длабоко вкоренетите причини за насилството како што се нееднаквите односи на моќта и штетните општествени норми и ставови.

## Исходи од проектот

### Мултисекторска координација:

- **5** национални мултиагенциски комисии

### Мултидисциплинарна обука:

- **1** регионална најсовремена наставна програма за обука
- **5** ажурирани национални наставни програми
- **1** регионална обука на обучувачи
- **5** национални специјализирани обуки

### Подигање свест:

- Материјали за подигање на свеста за органите за спроведување на законот и правосудните органи
- Материјали за подигање на свеста за пошироката јавност
- Полициско-медиумски работилници
- Видео обука за спроведување на законот за злосторства поврзани со РБН
- Обука за директните надзорници во органите за спроведување на законот